# Тематски форум „Вклучена заедница за отпорност на корупција“

**16.10.2024, Граѓански ресурсен центар (Скопје)**

Сузбивањето на корупцијата е од суштинско значење за зајакнување на довербата во локалната самоуправа, заштита на демократијата и доброто управување на локално ниво. Корупцијата е препознаена како најголем проблем од страна на граѓаните, а дигиталните технологии нудат голем потенцијал за нејзино намалување преку зголемување на транспарентноста. Ова бара поголема отвореност на локалната самоуправа и активна соработка со заедницата.

Преку форумот, нашата цел е да поттикнеме акција против корупцијата, обединувајќи претставници од локалната самоуправа, граѓански организации, активисти, експерти, граѓани и медиуми во заедничка борба заснована на инклузивност и соработка.

**Агенда**

| Време | Сесија |
|---|---|
| **10:00 - 10:30** | **Регистрација на учесници** |
| **10:30 - 10:50** | **Поздравни обраќања**<br>• Претставник/чка од Амбасада на Швајцарија/ Цивика мобилитас (ТВС)<br>• Златко Перински, Министер за локална самоуправа (ТВС)<br>• Бардил Јашари, Извршен директор на Фондација Метаморфозис |
| **10:50 - 11:40** | **Индекс на отвореност на локалната самоуправа: Отворени и транспарентни општини за сите!**<br><br>Транспарентноста и отвореноста се клучни предуслови за ефективно владеење што ги задоволува интересите на граѓаните. Индексот на отвореност е композитен показател кој го мери степенот на отвореност на локалната самоуправа кон граѓаните и општеството, со цел да утврди до кој степен институциите ги информираат граѓаните за својата работа. На оваа сесија ќе бидат претставени резултатите од Индексот на отвореност на локалната самоуправа за 2024 година, заедно со патоказ со препораки за унапредување на отвореноста кон граѓаните. Исто така, ќе се дискутираат добрите практики и предизвиците за потранспарентна локална самоуправа, со цел зголемување на довербата на граѓаните и искоренување на корупцијата.<br><br>**Говорници:**<br>• Мила Јосифовска Даниловска, Фондација за интернет и општество Метаморфозис<br>• Лилјана Јоноски, Рурална Коалиција<br>• Тони Коњановски, Градоначалник на Општина Битола (ТВС)<br>• Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово |

| | |
|---|---|
| **11:40 - 12:00** | **Дискусија** |
| **12:00 - 12:30** | **Кафе пауза** |
| **12:30 - 13:00** | **Дигитална трансформација на локално ниво: Презентација на дигиталната алатка мЗаедница**<br><br>Искористувањето на дигиталните технологии може значително да ја унапреди транспарентноста и да ја намали корупцијата. Во таа насока, мЗаедница е мултифункционална дигитална платформа која им овозможува на општините да ги дигитализираат јавните услуги и да воспостават двонасочна комуникација со граѓаните при утврдување на приоритетите на заедницата. На оваа сесија ќе бидат прикажани придобивките од мЗаедница, вклучувајќи ги новите перформанси за консултации, со кратка дискусија за активно вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки преку иновативни дигитални алатки.<br><br>**Говорници:**<br>- Милан Танчески/ Зорица Велковска, Центар за социјални иновации Блинк 42-21<br>- Љупчо Папазов, Градоначалник на Општина Кочани |
| **13:00** | **Освежување и вмрежување** |

Модератор: Александар Јовановски, Центар за социјални иновации Блинк 42-21

Забелешка за приватност: Настанот ќе се снима и ќе се пренесува во живо преку фејсбук страницата на Фондација Метаморфозис, а снимката ќе биде споделена на веб-страниците и социјалните медиуми на проектните партнери. Фотографиите направени за време на настанот ќе бидат промовирани на веб-страниците и социјалните медиуми на проектните партнери, и ќе бидат доставени до донаторот заради цели на проектно известување.

*Тематскиот форум е овозможен со поддршка на Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас во рамките на проектот „Дигитална трансформација на локално ниво – Вклучена заедница за отпорност на корупција (ДИГИЛОК)“ спроведуван од Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“ во партнерство со Рурална Коалиција и Центар за социјални иновации Блинк 42-21.*

Оградување: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија, кој го спроведуваат МЦМС, НИРАС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската Влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.